Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 – 64/1
Датум: 13 -01- 2025

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 405/1 од 15.05.2024 година, поднесена од група граѓани од Струга, против градоначалникот на Општина Струга, Рамиз Мерко, за заштита од вознемирување врз основа на друго уверување во областа на културата и културното наследство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020), на 03.01.2025 го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ПРОДОЛЖЕНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на друго уверување во областа на културата и културното наследство, сторено од страна на градоначалникот на Општина Струга, Рамиз Мерко, врз жителите на Општина Струга.

## Образложение

На 15.05.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од 39 подносители, жители на Општина Струга, против градоначалникот на Општина Струга, Рамиз Мерко, за заштита од вознемирување врз основа друго уверување во областа на културата и културното наследство.

Подносителите во претставката наведуваат дека Управата за заштита на културно наследство со Решение за прогласување на значајно културно наследство Уп. Бр. 18-118 од 07.05.2021, Спомeничната целина – Образовен комплекс на ул. Партизанска бр. 4 во Струга, која се состои од 3 објекти и тоа: 1) Училиште кое е изградено во 1934 година, 2) Женско занаетчиско училиште, кое е изградено во 1935 година и 3) Приземен објект, дограден од северната страна на занаетчиското училиште во 50тите години на минатиот век, го прогласила за значајно културно наследство. Подносителите наведуваат дека во изреката на решението се дефинирани границите на заштитеното добро, контактната зона, предметот, режимот и мерките на заштита и е определено дека врз основа на споменатото решение се врши запишување на заштитеното добро во Националниот регистар за културно наследство и тоа во: Главна книга, Дел први – Недвижно културно наследство. Подносителите во претставката информираат дека во гореспоменатата споменична целина – Образовен комплекс, поточно во училиштето кое е изградено во 1934 година, околу 80 години било сместено ООУ "Браќа Миладиновци" Струга.

Градоначалникот на Општина Струга, согласно наводите од претставката, на 05.03.2024, на самиот влез на училишната зграда, во која сега се наоѓа седиштето на Општина Струга, поставил плоча испишана на албански јазик со која се слави периодот од 01.09.1941 година, кога Струга била под окупација од тогашна фашистичка Италија и Кралството Албанија, а во нивна служба како соработници биле балистите. Подносителите наведуваат дека датумите кои се поврзани со отворањето на училишта на тогашните окупатори на Западна Македонија, во која окупација од Италија и Албанија влегува и Струга, силно ги повредува чувствата на сите етнички заедници кои тогаш живееле на подрачјето на Струга и струшко, но и на цела Западна Македонија. Новата спомената окупација, според подносителите, ја заменила дотогашната и продолжила со истите денационализаторски политики и пракси, убивања, силувања, терор и асимилација на македонското и останатото неалбанско население. Според подносителите, постојат низа историски јавно достапни податоци кои ги потврдуваат нивните тврдења.

Оттаму, подносителите сметаат дека не смее да се дозволи на објект кој е заштитен од Управата за заштита на културното наследство да стојат табли со кои се глорифицира фашистичка окупација. Според нив, недозволиво е да се слават настани кои ги повредувале основните човекови права и националните чувства на граѓаните на Струга и струшко. Дополнително, подносителите наведуваат дека поставување табли на овој објект може да направи само Управата за заштита на културното наследство, а не самоволно градоначалникот на Општина Струга, бидејќи тоа е спротивно на законот.

Поради сето наведено подносителите сметаат дека со поставувањето на ваква табла на објектот којшто е заштитен како значајно културно наследство, градоначалникот на Струга, Рамиз Мерко, извршил вознемирување врз основа друго уверување во областа на културата и културното наследство врз граѓаните на општина Струга.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно чл. 24, ст.7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 23.05.2024 година ја достави претставката со барање за произнесување до градоначалникот на Општина Струга, Рамиз Мерко. И покрај уредната достава, градоначалникот на Општина Струга до носењето на ова мислење не се произнесе по предметната претставка.

Заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба, а согласно чл. 30, ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата, на 31.10.2024 година достави барање за доставување податоци до Институтот за национална историја, во кое побара толкување на историскиот контекст на содржината на претставката.

На 25.11.2024 Институтот за национална историја до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави толкување на историскиот контекст од претставката.

Во дописот се наведува дека предметниот објект од претставката претставува образовен комплекс кој е изграден во 30тите години на 20тиот век, во време на Кралството Југославија. После 6 април 1941 година, со капитулација на Кралството Југославија западниот дел на Македонија потпаѓа под германска фашистичка управа, а набрзо потоа Италија го добила најголемиот дел од Западна Македонија со градовите Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар и Струга, најголемиот дел од од преспанските села и Костурско, Леринско и Кожанско во Егејскиот дел на Македонија, со вкупно 4.314 $км_2$ и со околу 232.000 жители.

Понатаму во дописот се наведува дека на 9 и 10 мај 1941 бил формиран Албански комитет во Тетово, кој побарал Тетово да биде ослободен од Италија и приклучен кон Албанија. По примерот на Албанскиот комитет во Тетово бил формиран и сличен комитет во Струга.

Во јули 1941, италијанското окупационо подрачје било препуштено на анектирање од квислиншка Албанија, при што новите власти продолжиле со целосно административно управување во согласност со веќе воспоставената фашистичка идеологија.

На 8 септември 1943 капитулирала фашистичка Италија по што уште повеќе се засилила моќта на албанските квислиншки сили во териториите под нивна управа.

Во текот на Втората светска војна делови од албанското население ја увидело намерата на одредени албански квислинзи како Кадри Саљија, Џафер Сулејмани, Мифтар Каљоши, Мунир Тршана и други, кои го применувале принципот на фашистичките власти кон сопственото население. Оттука, имајќи ги сознанијата за нивните цели и несогласувајќи се со истите, делови од

албанското население се приклучиле кон партизанските одреди во НОБ на Македонија. На тој начин албанските прогресивни сили се оградиле од албанските квислинзи и до 9 мај 1945, односно до целосна капитулација на фашистичка Германија.

Во поднесокот се наведува дека во текот на Втората светска војна споменатиот објект ја менувал својата намена, но неговото историско значење како споменична целина – образовен коплекс во Струга останало. Поради тоа овој комплекс бил прогласен за значајно културно наследство од страна на Управата за заштита на културното наследство.

Во заклучок на дописот, Институтот за национална историја наведува дека споменатиот објект е од исклучително историско значење, бидејќи е граден како образовна институција во која се едуцирале голем број ученици, дел од нив кои биле и јадрото на борците на народоослободителната војна на македонскиот народ и другите заедници од струшкиот регион. Со поставената плоча, предмет на претставката, всушност се глорифицира периодот на фашистичка окупација на Струга во 1941 година, поради што истата претставува скверната на спомен на бројните паднати борци токму во борбата против фашизмот. Особено имајќи го големиот влог на Македонија во антифашистичката борба, со што го даваме својот историски придонес во Денот на Европа. Дополнително, Институтот за национална историја, наведува дека комплексот е прогласен за значајно културно наследство, што имплицира дека за секоја интервенција е потребно да се добие дозвола од Управата за заштита на културното наследство.

Ценејќи ги наводите од претставката на подносителите, доставените докази кон претставката и дописот за доставување податоци од Институтот за национална историја, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај е сторено продолжено вознемирување врз основа на друго уверување врз жителите на општина Струга од страна на градоначалникот на Општина Струга Рамиз Мерко, во областа на културата и културното наследство.

Несомнено, од добиеното толкување на историскиот контекст од страна на Институтот за национална историја, содржината на поставената плоча на зградата од училиштето изградено во 1934, дел од споменичната целина – образовен комплекс, заштитено како значајно културно наследство од страна на Управата за заштита на културното наследство, во која моментално се наоѓа седиштето на Општина Струга, претставува глорифицирање на периодот на фашистичката окупација на Струга и скверната на спомен на загинатите борци во борбата против фашизмот. Со ваквата содржина на плочата е сторено вознемирување на жителите на општина Струга, во смисла на чл. 10, ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека:

*Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.*

Во конкретниот случај Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека вознемирувањето е сторено врз друго уверување, ценејќи дека антифашистичкото уверување, стремеж и борба се наднационални и надетнички, па токму затоа содржината на споменатата плоча вознемирува голем број на жители од Струга и струшко од различна етничка и национална припадност. Дополнително, Комисијата во конкретниот случај утврди дека станува збор за потежок облик на дискриминација, односно продолжено вознемирување, пропишано во член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, бидејќи плочата со вознемирувачката содржина била

поставена на 05.03.2024 година и во континуиран повеќемесечен период стои на влезот на Општина Струга.

Во прилог на аргументацијата на донесеното мислење оди членот 17 од Европската конвенција за човекови права, кој ја потенцира забраната за злоупотреба на правата и пропишува дека ниту една одредба од Конвенцијата не може да се толкува на начин според кој, на некоја држава, група или поединец им е дадено правото да преземаат активности или постапки со кои се загрозува некое право или слобода што се признаени со Конвенцијата, или да ги ограничуваат овие права или слободи во поголема мерка од онаа предвидена со конвенцијата. Во таа насока, членот 10 од Конвенцијата во врска со членот 17 (забрана за дискриминација), забранува повикување на правата на Конвенцијата со цел сторување, промовирање или оправдување на делување кое се карактеризира со, inter alia, **омраза** (*Pernicek v. Switzerland, para. 115 & 120; Belkacem v. Belgium; Lilliendhal v. Iceland*), **негирање и ревизија на јасно воспоставени историски факти** (Garaudy v. France), **тоталитарна идеологија и политички идеи кои не се компатибилни со демократијата** (Vona v. Hungary para. 36).

Забраната за злоупотреба на човековите права е пропишана и во чл. 30 од Универзалната декларација за човекови права, каде се потенција дека ниту една одредба од декларацијата не може да се толкува како да и дава право на некоја држава, групација или поединец да дејствуваат или да сторат акт со цел кршење на правата или слободите предвидени со истата.

Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, како и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права содржат слични одредби во членовите 5, каде се пропишува дека ниту една одредба не може да биде толкувана како на некоја држава, поединец или група да им дава какво било право да се впуштаат во каква и да е дејност или да вршат било каков чин со цел нарушување на правата и слободите предвидени во двата пакта.

Резолуцијата на Организацијата на Обединетите Нации бр. 69/160 од 18.12.2014 за борба против глорификација на нацизмот, нео-нацизмот и други практики кои поттикнуваат или придонесуваат за поттикнување на современи форми на расизам, расна дискриминација, ксенофобија и слични форми на нетоleranција, во параграфот 6 го нагласува предлогот на Специјалниот известувач дека **секоја комеморативна прослава на нацистичкиот режим, неговите сојузници или сродни организации, без разлика дали се официјални или не, треба да бидат забранети од страна на државите.** Параграфот 24, пак, од истата резолуција ја нагласува препораката на Специјалниот известувач за **важноста од држење историски предавања за драматичните настани и човековото страдање кои произлегле од усвојувањето на идеологии како фашизмот и нацизмот.**

Имајќи го предвид сето горе наведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди продолжено вознемирување врз основа на друго уверување во областа на културата и културното наследство, сторено од страна на градоначалникот на Општина Струга, Рамиз Мерко, врз граѓаните на Општина Струга. Следствено, врз основа на член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото продолжено вознемирување, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**П Р Е П О Р А К А**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** градоначалникот на Општина Струга, Рамиз Мерко, да ја отстрани спорната плоча со вознемирувачка содржина од влезот на зградата на ул. Партизанска бр. 4, Струга, дел од споменичната целина – образовен комплекс, заштитена како значајно културно наследство од

Управата за заштита на културното наследство, во која се наоѓа седиштето на Општина Струга, **најдоцна во рок од 30 дена од приемот на мислењето и препораката и за истото писмено да ја извести Комисијата.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** градоначалникот на Општина Струга, Рамиз Мерко, јавно да им се извини на граѓаните на општина Струга и струшко за стореното продолжено вознемирување со поставувањето на спорната плоча со вознемирувачка содржина, **најдоцна во рок од 30 дена од приемот на мислењето и препораката и за истото писмено да ја извести Комисијата.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** градоначалникот на Општина Струга, Рамиз Мерко во иднина да се воздржува од преземање дискриминаторски и вознемирувачки дејствија врз било која дискриминаторска основа од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

НАПОМЕНА: Заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го пречекори законски утврдениот рок од 60 дена за постапување по претставки.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Вејзароски

Доставено до:

- Градоначалник на Општина Струга Рамиз Мерко, ул. Мајка Тереза ББ, Струга